**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

# Извештај

## за работата на Школата за докторски студии и за реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година

**Скопје, март 2012**

**И з в е ш т а ј**
**за работата на Школата за докторски студии и за реализацијата на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година**

**В о в е д**

Во рамките на процесите за усогласување на високообразовната дејност на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје со законската регулатива и за реализација на стратегиските цели кон натамошно остварување на интегративните функции на Универзитетот, воведувањето и заживувањето на *третиот циклус - докторски студии како вистински студии* со напуштање на досегашниот начин на стекнување докторат на науки, претставува една од многу значајните реформи. Оттаму, во изминатиов период беше посветено посебно внимание за утврдување на моделот и организирањето на докторските студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Со оглед на значењето и нивната интегративна димензија, а како резултат на комплексноста и капацитетот на Универзитетот во поширока смисла, по одржани бројни дебати, работилници за размена на искуства и други активности, и во согласност со измените на законската регулатива во делот што се однесува на третиот циклус студии, утврдена е една од најсовремените форми - докторските студии да се организираат во *Школа на докторски студии на Универзитетот*, како битен предуслов за најрационално обезбедување на воедначени критериуми за квалитет и административни процедури кои ќе ги обезбедуваат тие критериуми.

Значајна улога и посебен ангажман во целокупниот процес на воведување, организирање и реализирање на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ имаше Стручниот совет за докторски студии, формиран од Универзитетскиот сенат, во состав: д-р Елена Думова-Јованоска, претседател и проректор за настава, д-р Коле Василевски, проректор за наука, д-р Гордана Богоева-Гацева, од Технолошко-металуршкиот факултет, д-р Голупка Нечевска-Цветановска, од Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија, д-р Соња Алабаковска, од Медицинскиот факултет, д-р Владимир Кандикјан, од Правниот факултет „Јустинијан Први“ и д-р Владимир Петрушевски, од Природно-математичкиот факултет, кој по неговото повлекување од Советот е заменет со д-р Билјана Ванковска, од Филозофскиот факултет. Административно-стручните работи, од Одделението за настава и Одделението за наука ги вршат: Костадина Мокрова, Весна Марковска, Маја Анастасова Христова, Катерина Петреска и Катерина Климоска.

Треба да се истакнат сериозниот пристап и бројните состаноци на Стручниот совет за докторски студии посветени на организирањето на докторските студии на Универзитетот, со цел утврдување на структурата на студиските програми, изготвување правила за запишување и студирање на третиот циклус, разгледување на предложените проекти од единиците на УКИМ и нивно усогласување со измените на законската регулатива, подготовки за објавување на првиот конкурс, операционализација на Правилникот за докторските студии и, воопшто, практичното започнување на третиот циклус студии на УКИМ. Стручниот совет за докторски студии организираше и заеднички средби со претставници на единиците на Универзитетот задолжени за докторските студии, со цел заземање унифициран пристап при подготовката на измените и дополнувањата на веќе доставените проекти до Одборот за акредитација на високото образование, утврдување на динамиката на активностите, утврдување на финансиските аспекти на третиот циклус - докторски студии на УКИМ итн. Стручниот совет, исто така, го координираше формирањето на советите на акредитираните студиски програми, изборот на нивни раководители и воспостави систем на електронски информации во рамките на Школата за докторски студии на УКИМ.

По предлог на Стручниот совет за докторски студии и по претходни изјаснувања на единиците на Универзитетот, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, го утврди првиот Конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година.

Според Конкурсот, а врз основа на издадените решенија за акредитација, во академската 2011/2012 година беа објавени **813** слободни места, и тоа:

- 96 на природно-математички науки;
- 225 на техничко-технолошки науки;
- 291 на медицински науки и здравство;
- 9 на биотехнички науки;
- 141 на општествени науки;
- 51 на хуманистички науки.

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Одлуката на Универзитетскиот сенат донесена на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, Конкурсот беше објавен на интернет-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје www.ukim.edu.mk и во весникот „Дневник", на 15.7.2011 година.

**Дополнување на Конкурсот**

Со оглед на тоа што во меѓувреме Одборот за акредитација и евалуација издаде дополнителни решенија за акредитација на одделни студиски програми, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје донесе Одлука за објавување на Дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година, на 36. седница одржана на 29.9.2011 година. Дополнувањето беше објавено на интернет-страницата на Универзитетот www.ukim.edu.mk и во весникот „Дневник", на 1.11.2011.

Со дополнувањето на Конкурсот беше предвидено запишување на дополнителни **168 студенти** на хуманистички науки.

**Студиски програми за трет циклус - докторски студии**
**во академската 2011/2012 година**

Според годинашниот Конкурс, се вршеше запишување студенти на трет циклус – докторски студии на следниве студиски програми (вкупно 34):

***<u>Природно-математички науки</u>***

**Биологија** - Природно-математички факултет

*Потпрограми (модули):*

- биологија
- екологија
- биосистематика
- биохемија-физиологија
- молекуларна биологија

**Физика** - Природно-математички факултет

**Географија** - Природно-математички факултет

**Хемија** - Природно-математички факултет

**Математички науки и примена -** Природно-математички факултет

**Информатика** - Природно-математички факултет

***<u>Техничко-технолошки науки</u>***

**Градежништво** - Градежен факултет

*Потпрограми (модули):*

- конструкции
- хидротехника
- сообраќајна инфраструктура
- геотехника

**Земјотресно инженерство** - Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија

**Електротехника и информациски технологии -** Факултет за електротехника и информациски технологии

**Машинство** - Машински факултет

**Индустриско инженерство и менаџмент** - Машински факултет

**Технологија** - Технолошко-металуршки факултет

*Потпрограми (модули):*

- неорганско инженерство и заштита на животната средина
- технологија на облеката
- проектирање системи со тотален менаџмент на квалитет
- процесно инженерство
- наука за полимери и полимерно инженерство
- биотехнологија
- текстилни екотехнологии
- прехранбена технологија
- управување на технолошки процеси за обезбедување квалитет на храна

**Металургија** - Технолошко-металуршки факултет

*Потпрограми (модули):*

- металургија и метални материјали
- екстрактивна металургија
- електрохемиско инженерство

***<u>Медицински науки и здравство</u>***

**Медицина** - Медицински факултет

*Потпрограми (модули):*

- базична медицина
- клиничка медицина
- молекуларна медицина

**Јавно здравство** - Медицински факултет

**Стоматологија** - Стоматолошки факултет

*Потпрограми (модули):*

- протетика
- превентивно-реставративна стоматологија и ортодонција
- орална и максилофацијална хирургија
- орална патологија и пародонтологија

**Фармација** - Фармацевтски факултет

***<u>Биотехнички науки</u>***

**Ветеринарна медицина** - Факултет за ветеринарна медицина

***<u>Општествени науки</u>***

**Правни науки** - Правен факултет „Јустинијан Први"

*Потпрограми (модули):*

- административно право
- право на информатичка технологија
- право на интелектуална сопственост

- деловно право
- финансово право
- граѓанско право
- казнено право
- меѓународно право
- право на Европска унија
- римско право
- теорија на правото
- уставно право

**Политички науки**

*Потпрограми (модули):*

- политички систем - Правен факултет „Јустинијан Први“
- политички науки - Правен факултет „Јустинијан Први“
- јавна администрација - Правен факултет „Јустинијан Први“
- меѓународни односи - Правен факултет „Јустинијан Први“
- демократијата во услови на глобализација – Правен факултет „Јустинијан Први“ и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

**Комуниколошки науки** - Правен факултет „Јустинијан Први“

**Педагогија** - Филозофски факултет и
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“

*Потпрограми (модули):*

- теориско-компаративна педагогија
- елементарно образование
- андрагогија
- социјална педагогија

**Дефектологија** - Филозофски факултет

*Потпрограми (модули):*

- специјална едукација
- превенција и рехабилитација на лица со инвалидност

**Социологија** - Филозофски факултет и Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

*Потпрограми (модули):*

- социологија
- европска интеграција
- социологија на организација
- социологија на окружување

**Социјална работа и социјална политика** - Филозофски факултет

*Потпрограми (модули):*

- социјална работа
- социјална политика

**Безбедност, одбрана и мир** - Филозофски факултет

*Потпрограми (модули):*

- безбедност
- одбрана
- мир

***<u>Хуманистички науки</u>***

**Историја -** Филозофски факултет и Институт за национална историја

*Потпрограми (модули):*

- античка историја
- средновековна историја
- нововековна историја
- современа историја
- историја на дипломатијата

**Историја на уметноста и археологија** – Филозофски факултет
**Филозофија** - Филозофски факултет
**Класична филологија** - Филозофски факултет
*Потпрограми (модули):*
- класична и византиска книжевност
- класична микенска филологија

Во дополнувањето на Конкурсот беа содржани следниве студиски програми од областа на ***хуманистичките науки:***

**Македонистика** - Филолошки факултет „Блаже Конески“,
Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Институт за македонска литература
*Потпрограми (модули):*
- македонски јазик и лингвистика (Филолошки факултет „Блаже Конески“)
- научноистражувачки студии на македонскиот јазик (Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“)
- македонска книжевност (Институт за македонска литература)

**Културологија -** Филолошки факултет „Блаже Конески“, Филозофски факултет и Институт за македонска литература
*Потпрограми (модули):*
- културолошки студии (Институт за македонска литература)

**Наука за книжевноста** - Филолошки факултет „Блаже Конески“
*Потпрограми (модули):*
- албанска книжевност
- германска книжевност
- романистика
- славистика
- општа и компаративна книжевност

**Наука за јазикот** - Филолошки факултет „Блаже Конески“
*Потпрограми (модули):*
- албански јазик
- германски јазик
- романистика
- славистика

**Утврдување листа на ментори**

Посебно место во целокупната работа на Стручниот совет за докторски студии зазема утврдувањето на листата на ментори на студиските програми. Во рамките на подготвителните активности за објавување на Конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година, а во согласност со член 9, став 1, алинеја 1 и со член 6, став 3, алинеја 7 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, советите на студиските програми за трет циклус до Стручниот совет за докторски студии на УКИМ доставија предлози за потенцијални ментори за докторски студии, а Стручниот совет ги верифицираше нивните референци. Во согласност со барањето од Одборот за акредитација и евалуација, утврдените листи на ментори со придружната документација за референците беа упатени на натамошна акредитација до Одборот за акредитација на високото образование. Верификацијата на потенцијалните ментори се вршеше во согласност со утврдените критериуми за ментор во Законот за измени и дополнувања на Законот за високото образование на РМ (Сл. весник на РМ бр.17 од 11.2.2011) и со Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна

дејност (Сл. весник на РМ бр. 103 од 30.7.2010). Конечната листа на акредитираните ментори беше објавена на интернет-страницата на Школата за докторски студии www.ukim.edu.mk/doktorski_studii

Со оглед на тоа што во меѓувреме беше донесена Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност (Сл. весник на РМ бр.168 од 24.12.2010), во која беа извршени одредени промени во критериумите за избор на ментори, Стручниот совет за докторски студии одржа повеќе седници на кои поединечно беа разгледувани референците на сите предложени кандидати за потенцијални ментори доставени од раководителите на советите на студиските програми, за Дополнителниот конкурс за запишување студенти на докторски студии во учебната 2011/12 година.

Согласно со новите законски одредби, бараните критериуми за ментор произлегоа од потребата за меѓународна јавност на објавените трудови, односно потребата менторите да имаат најмалку три објавени рецензирани научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во дадено поле и тие да бидат објавени во последните 5 години. По разгледувањето на доставените материјали, Стручниот совет заклучи дека е неопходно до сите раководители на студиските програми од трет циклус – докторски студии на УКИМ да се достават забелешки, со цел заземање единствен пристап при доставувањето на предлозите за ментори, притоа придржувајќи се до инструкциите/моделот за изготвување на референците изготвен од страна на Стручниот совет.

Од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија е доставено дополнително барање во однос на потребната документација за потенцијалните ментори, со кое, покрај референците на предложените ментори, треба да се доставува и копија од соодветните научни трудови. За таа цел, сите раководители на студиските програми за докторски студии на единиците на Универзитетот беа информирани да доставуваат копија од трудовите наведени како референци на потенцијалните ментори до Одборот, веднаш по верификацијата на потенцијалните ментори од страна на Стручниот совет за докторски студии.

Со оглед на комплексноста на реализацијата на третиот циклус студии, а со цел постигнување ефикасност во работењето и меѓусебната комуникација при исполнувањето на обврските и задачите, Стручниот совет за докторски студии ја нагласува потребата од почитување на процедурите од страна на единиците, сите потребни материјали поврзани со докторските студии, вклучително и предлозите за потенцијални ментори, да се доставуваат до Стручниот совет, кој ги упатува на натамошна постапка до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Р. Македонија. Општа е оцената на Советот дека практиката одделни единици директно да доставуваат материјали до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Р. Македонија треба веднаш да се прекине.

Важно е да се нагласи дека Листата на ментори ќе се утврдува за секоја академска година посебно и оваа процедура ќе му претходи на утврдувањето и објавувањето на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во односната година.

## Критериуми и начин на селекција на кандидатите

Начинот на селекција на кандидатите беше утврден со Конкурсот и се вршеше во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, со исполнување на следниве основни услови:

- завршен II циклус на студии усогласени со европскиот кредит-трансфер систем (во натамошниот текст: ЕКТС-кредити);

- завршени постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, на кои им се признаваат 60 кредити од обука за истражување и едукација;
- стекната стручна подготовка според студиски програми за регулирани професии, со остварени најмалку 300 ЕКТС-кредити;
- остварен просечен успех од сите предмети од претходно завршеното високо образование, од најмалку 8,00 (I и II циклус на студии);
- познавање на еден од светските јазици. Доказ за познавање на светски јазик е сертификат од Филолошкиот факултет „Блаже Конески" или меѓународен сертификат или диплома за претходно стекнато образование на соодветниот светски јазик.

На студиските програми со посебни специфики - *Фармацевтскиот факултет, Медицинскиот факултет* и *Факултетот за ветеринарна медицина* беа предвидени и дополнителни услови.

За кандидатите за запишување на докторски студии на *Фармацевтскиот факултет*, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, право на запишување имаа и:

- лица кои завршиле според студиска програма од 1992/1993 година, во траење од 5 години и се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2002/2003 и се стекнале со диплома: *магистер по фармација*;
- лица кои завршиле според студиска програма од 1981/1982 година, во траење од 4 години, кои се стекнале со диплома: *дипломиран фармацевт* и имаат завршена здравствена специјализација во траење од 3 години.

За кандидатите за запишување на докторски студии на *Медицинскиот факултет*, согласно со препораките и стандардите на Орфеус за докторски студии во биомедицината и здравствените науки, право на запишување имаа и:

- лица кои завршиле според студиските програми до 2005/2006 година и се стекнале со диплома: *доктор на медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои завршиле според студиска програма од 2005/2006 (360 кредити) и се стекнале со диплома: *доктор по медицина,* а се во тек на втора половина од здравствена специјализација;
- лица кои се запишуваат на докторски студии од базична медицина на област за која нема здравствена специјализација, при што треба да имаат најмалку два труда како прв автор, публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор.

За кандидатите за запишување на докторски студии на *Факултетот за ветеринарна медицина,* право на запишување имаа и:

- лица со завршен интегриран прв и втор циклус, односно завршен втор циклус на студии од областа на ветеринарната медицина, медицинските науки, природните науки и биотехничките науки;
- лица со завршени додипломски студии од погоре посочените области по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, при што кандидатите треба да имаат и најмалку два соодветни труда (еден како прв автор), публикувани во списанија со меѓународен уредувачки одбор;
- лица со завршени соодветни специјалистички студии.

## Селекција на кандидатите

По завршувањето на роковите за пријавување на Конкурсот и Дополнувањето на Конкурсот, советите на студиските програми ги разгледаа документите за пријавување и доставија прелиминарни ранг-листи на кандидати кои ги исполнуваат условите, за секоја студиска програма, односно потпрограма одделно. За кандидатите кои не ги исполнуваат

условите за запишување на докторски студии, советите на студиските програми доставија посебна листа. Овие листи беа објавени на интернет-страницата на Школата за докторски студии www.ukim.edu.mk/doktorski_studii. Правото на приговор по листата во рок од 36 часа го искористија 41 кандидат.

По завршувањето на постапките со приговорите, потврдената ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување беше објавена на интернет-страницата на Школата за докторски студии.

**Реализација на Конкурсот**

Пријавувањето на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година се одвиваше во периодот од 15 август до 15 септември 2011 година. На студиските програми од Дополнувањето на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година, пријавувањето се одвиваше во периодот од 1 до 10 ноември 2011 година.

На Конкурсот и Дополнувањето на Конкурсот се пријавени вкупно **357 кандидати,** и тоа:

- 11 на природно-математички науки;
- 27 на техничко-технолошки науки;
- 263 на медицински науки и здравство;
- 5 на биотехнички науки;
- 47 на општествени науки;
- 4 на хуманистички науки.

Во текот на годинашната реализација на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје беше соочен со значителен интерес на кандидатите за студирање на медицински науки и здравство, особено на студиската програма медицина, за која имаше најголем интерес (вкупно беа пријавени 189 кандидати за 195 слободни места).

Со реализацијата на Конкурсот и Дополнувањето на Конкурсот, на студиските програми за трет циклус студии се запишани вкупно **244 студенти**:

- 8 на природно-математички науки;
- 20 на техничко-технолошки науки;
- 182 на медицински науки и здравство;
- 1 на биотехнички науки;
- 30 на општествени науки;
- 3 на хуманистички науки.

**Официјален почеток на работата на Школата за докторски студии**

Официјалниот почеток на работата на Школата за докторски студии беше означен на **1 декември 2011 година**, во големиот амфитеатар на Филозофскиот факултет, кога беше одржано и првото предавање од обуката за истражување на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

На овој значаен настан присуствуваа првите запишани кандидати, раководството на Универзитетот, декани на факултетите, директори на научните институти, раководители на студиските програми од трет циклус студии, наставно-научни кадри, вработени на Универзитетот, претставници на медиумите и други.

На официјалниот почеток на докторските студии присуствуваше и *министерот за образование и наука, м-р Панче Кралев*, кој посебно го поздрави овој голем настан за Универзитетот и за Република Македонија.

Воведно обраќање, како и прво предавање од обуката за истражување на третиот циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, под наслов

„Универзитетот, науката и етиката - концепција и практика на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје", беше одржано од *ректорот на Универзитетот, проф. д-р Велимир Стојковски.*

Завршно обраќање пред студентите имаше *проф. д-р Кирил Темков* од Филозофскиот факултет, како одговорен за реализацијата и организирањето на наставата по предметот научноистражувачка етика, кој на студентите на докторски студии накратко им ја образложи предметната програма според која ќе се одвиваат предавањата и начинот на кој ќе се врши проверка на знаењето.

Врз основа на член 6, став 3, алинеја 11 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Стручниот совет за докторски студии на Универзитетот, на 35. седница одржана на 3 февруари 2012 година, донесе *Упатство за реализација на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2011/2012 година*. Со Упатството е поконкретно уредено извршувањето на стручните и административните работи за реализација на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, во учебната 2011/2012 година. Упатството е објавено во *Универзитетски гласник* број 199 од 3.2.2012 година и е доставено до сите раководители на студиските програми за докторски студии.

Во рамките на активностите на Школата за докторски студии беше изготвена и *Листа на предложени предмети за стекнување генерички знаења и вештини за истражување и реализатори.* Во оваа академска година, на листата се содржани следниве предмети:

***Научноистражувачка етика***

| ПРЕДМЕТ | Реализатори | Факултет/институт |
|---|---|---|
| **Научноистражувачка етика** | Проф. д-р Кирил Темков | Филозофски факултет |
| | Проф. д-р Катерина Здравкова | Природно-математички факултет |
| | Проф. д-р Мирјана Кочова | Медицински факултет |
| | Проф. д-р Мирко Спироски | Медицински факултет |

***Методологија на научноистражувачката работа***

| ПРЕДМЕТ | Реализатори | Факултет/институт |
|---|---|---|
| **Методологија на научноистражувачката работа** (базично ниво) | Проф. д-р Виолета Панзова<br>Проф. д-р Виолета Ачковска<br>Проф. д-р Мирко Ѓошевски | Филозофски факултет<br>Филозофски факултет<br>Филозофски факултет |
| **Методологија на научноистражувачката работа** (од областа на општествените и хуманистичките науки) | Проф. д-р Верица Јаневска<br>Доц. д-р Марија Ацковска | Економски институт<br>Економски институт |
| **Методологија на научноистражувачката работа** (од областа на биотехничките и медицинските науки и здравството) | Проф. д-р Мирко Спироски<br>Проф. д-р Слобода Цекова<br>Проф. д-р Александар Димовски | Медицински факултет<br>Медицински факултет<br>Фармацевтски факултет |

***Трета група на предмети во рамките на обуката за истражување***

| ПРЕДМЕТ | Реализатори | Факултет/институт |
|---|---|---|
| **Создавање на научно дело** | Проф. д-р Виолета Панзова<br>Проф. д-р Виолета Ачковска | Филозофски факултет<br>Филозофски факултет |
| **Обработка, анализа и интерпретација на резултати од истражувањето** | Проф. д-р Виолета Петроска Бешка<br>Проф. д-р Наташа Ангелоска Галевска<br>Доц. д-р Николина Кениг | Филозофски факултет<br>Филозофски факултет<br>Филозофски факултет |

| | | |
|---|---|---|
| **Пишување и презентирање научноистражувачки труд** | Проф. д-р Смиле Марковски<br>Проф. д-р Марјан Гушев | Природно-математички факултет |
| | Проф. д-р Мирко Спироски<br>Проф. д-р Слобода Цекова | Медицински факултет<br>Медицински факултет |
| **Извори на математички знаења и нивно користење** | Доц. д-р Ѓорѓи Марковски | Природно-математички факултет |
| **Биостатистика** | Проф. д-р Катерина Горачинова | Фармацевтски факултет |

| ПРЕДМЕТ | Реализатори | Факултет/институт |
|---|---|---|
| **Биоинформатички основи за анализа на нуклеински киселини и протеини** | Проф. д-р Дијана Плашеска Каранфилска | Фармацевтски факултет |
| **Медицинска информатика со статистика** | Проф. д-р Драган Даниловски | Медицински факултет |
| **Современи компјутерски алатки од областа на анализата на конструкциите и континуумите** | Проф. д-р Виктор Христовски<br>Вонр. проф. д-р Виолета Мирчевска<br>Вонр. проф. д-р Роберта Апостолска<br>Вонр. проф. д-р Влатко Шешов | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |
| **Напредни програмски околини за ефективна инженерска едукација и истражувања** | Вонр. проф. д-р Зоран Ракиќевиќ | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |
| **МАТЛАБ со примена во инженерски анализи** | Науч. сор. Катарина Манова | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |
| **Прибирање, процесирање и интерпретација на експериментални податоци** | Проф. д-р Љубомир Ташков<br>Вонр. проф. д-р Лидија Крстевска<br>Проф. д-р Снежана Стаматовска<br>Вонр. проф. д-р Зоран Ракиќевиќ | Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија |
| **Употреба на животните во научноистражувачки цели** | Проф. д-р Влатко Илиески | Факултет за ветеринарна медицина |
| **Академско пишување** | Проф. д-р Ружица Цацановска | Институт за социолошки и политичко-правни истражувања |
| **Биостатистика и информатика** | Проф. д-р Никола Оровчанец | Стоматолошки факултет |

## Дополнителен конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година

Во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Одлуката на Универзитетскиот сенат донесена на 35. седница одржана на 23.6.2011 година, Одлуката на Стручниот совет за докторски студии донесена на 34. седница одржана на 23.12.2011 година, а врз основа на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година, објавен во весникот *Дневник* на 15.7.2011 година, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објави Дополнителен конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2011/2012 година.

Со Дополнителниот конкурс беа објавени вкупно **680 слободни места** на 29 студиски програми, и тоа:

- 35 на природно-математички науки;
- 202 на техничко-технолошки науки;
- 149 на медицински науки и здравство;
- 8 на биотехнички науки;
- 124 на општествени науки;
- 162 на хуманистички науки.

Конкурсот беше објавен на интернет-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје www.ukim.edu.mk и во весникот „Дневник" на 8.2.2012.

Пријавувањето на кандидатите се одвиваше во периодот од 8 до 24 февруари 2012 година.

### Промена на Правилникот и дополнување на критериумите за селекција на кандидатите во Дополнителниот конкурс

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 23 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/08, бр. 103/08, бр. 26/09, бр. 83/09, бр. 99/09, бр. 115/2010, бр. 17/2011 и бр. 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 38. седница одржана на 30.11.2011 година, го донесе Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии-докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Со овој Правилник беше извршена измена во условите за запишување на Факултетот за ветеринарна медицина и се додадоа посебни услови за запишување на *Стоматолошкиот факултет*. Во главата „Услови и начин на запишување" од Дополнителниот конкурс беше направена промена на точка 2 од условите за запишување на Факултетот за ветеринарна медицина, која сега гласи:

- *лица кои завршиле според студиската програма пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, во траење од 10 семестри и се стекнале со диплома: доктор по ветеринарна медицина, и кои запишале постдипломски магистерски студии.*

Во главата „Услови и начин на запишување" од Дополнителниот конкурс беше додаден и следниов текст:

*Право за запишување на докторски студии на Стоматолошкиот факултет во Скопје имаат и:*

- *лица кои завршиле според студиските програми до 2003/2004 и се стекнале со диплома: доктор на стоматологија или со диплома: доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;*
- *лица кои завршиле според студиските програми од 2003/2004 и се стекнале со диплома: доктор по стоматологија, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација;*
- *лица кои завршиле според студиските програми од 2010/2011 и се стекнале со диплома: доктор по дентална медицина, а им е одобрена, односно запишале здравствена специјализација.*

### Реализација на Дополнителниот конкурс

На Дополнителниот конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година, се пријавени вкупно 181 кандидат, и тоа:

- 3 на природно-математички науки;
- 30 на техничко-технолошки науки;
- 113 на медицински науки и здравство;
- 8 на биотехнички науки;

- 20 на општествени науки;
- 7 на хуманистички науки.

***

До изготвувањето на овој Извештај, реализацијата на Дополнителниот конкурс за запишување студенти на трет циклус - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во учебната 2011/2012 година е во тек и се предвидува да се заокружи до 30 март оваа година.

Во текот на летниот семестар во учебната 2011/12 година се предвидува организирање на докторските семинари како дел од обуката за истражување во рамките на Школата за докторски студии.

Со цел за идентификување на позитивните и негативните искуства од почетоците на реализацијата на докторските студии на Универзитетот, како и за нивно натамошно унапредување, секако дека една од претстојните активности во рамките на Школата за докторски студии е утврдувањето механизми за евалуација на функционирањето и реализацијата на третиот циклус студии.

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАСТАВА**

Изготвиле:
Костадина Мокрова
Маја Анастасова Христова